# ДЕКЛАРАЦИЈА

за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ

Иницијатори: Коалиција МАРГИНИ, Совет за етика во медиумите, Здружение на новинари на Република Македонија и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Партнери: ЛГБТИ Центар за поддршка и ЛГБТ Јунајтед Тетово

***Загрижени*** поради сè уште присутниот дискриминаторски, дерогирачки и стигматизирачки говор кон ЛГБТИ луѓето, насилството врз ЛГБТИ луѓето и активистите за човекови права, и загрижувачкиот степен на предрасуди и нетолеранција кон оваа маргинализирана заедница во македонското општество,

***Согледувајќи*** дека меѓународните извештаи и национални истражувања укажуваат дека присуството на говор на омраза во некои медиуми придонесува кон поттикнување на насилството и репродукција на дискриминацијата кон оваа група, и дека честопати медиумите не ја препознаваат дискриминацијата и социјалното исклучување на ЛГБТИ луѓето,

***Свесни*** за исклучителната улога на медиумите во промоцијата и заштитата на човековите права, со цел афирмација на општествениот плурализам, еднаквоста и различностите,

***Потсетувајќи*** дека професионалните новинарски стандарди налагаат почитување на човековото достоинство, осуда на говорот на омраза и на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, здравствениот, социјалниот статус и други карактеристики,

***Истакнувајќи*** ја важноста од препознавањето и осудата на дискриминацијата, говорот на омраза, и на насилството кон маргинализираните групи, како начин на кој медиумите можат да помогнат во надминувањето на нееднаквоста и повредите на основните човекови права на ЛГБТИ,

Ја потпишуваме оваа Декларација за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ заедницата и недвосмислено ги изразуваме нашите заложби и напори да се спротиставиме и да го спречиме дискриминаторскиот и дерогирачки говор кон оваа група во медиумите, и да ја промовираме сексуалната и родовата различност вклучително, и заштитата на правата на ЛГБТИ, преку следниве принципи:

1. **Нестереотипизирачко известување за ЛГБТИ**;
2. **Воздржување од и осуда на говорот на омраза** врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет или која било припадност на историски и општествено маргинализирана група;
3. **Известување за жртвите на насилство и дискриминација** обоено со емпатија и солидарност;
4. **Непарцијално известување за активностите на ЛГБТИ заедницата и активистите за човекови права** во рамки на целокупната општествена, политичка и културна сфера, почитувајќи ги нивниот личен интегритет, мислење и активности;
5. **Вклученост на гласовите и перспективите на ЛГБТИ луѓето и активистите за нивни права**, во прилози поврзани со теми кои директно ги засегаат, како и настани и проблеми кои го засегаат целокупното македонско општество;
6. **Почитување и имплементација на одлуките и препораките на еснафските, саморегулаторните и регулаторните тела и здруженија** поврзани со заштитата и почитувањето на човековите права на ЛГБТИ;
7. **Сензитивизација на медиумските работници** за известување за теми поврзани со ЛГБТИ;
8. **Соработка со граѓанските здруженија кои се застапуваат за правата на ЛГБТИ**, преку размена на информации кои ќе овозможат интегрален и непарцијален приказ на проблемите кои ги засегаат ЛГБТИ;

Ние, потписниците на оваа Декларација, се обврзуваме во рамки на сопствените одговорности и надлежности да останеме посветени на горенаведените принципи, и ги повикуваме сите засегнати страни да се вклучат и да придонесат во градењето на општество во кое сите имаат еднаков пристап до правда.

**Потписници на Декларацијата**:

Здружение на печатени медиуми

Здружение за електронски медиуми – Медиум ОБЈЕКТИВ

Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија

Дневен весник КОХА

ПОРТРЕТ Магазин

Телевизија 24

ТВ21

Видео портал - НОВА ТВ

Телевизија Телма

ТРД ТВ Морис – Охрид

Дигитална редакција Сакам да кажам

MKD.mk

Телевизија МТМ – Прва скопска

Слободен печат

Портал Плусинфо.мк

ТРД Capitol FM

ТРД Телевизија Кочани ЛД

Глобус Магазин

Портал Telegrafi.com

ТРД СИТИ Радио

Радио Голди - Велес

ТРД Лајф Радио

ТРД Модеа Радио – Свети Николе

ТРД КЛУБ ФМ